Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Конзерваторски центар
Institucioni Nacional Qendra për Konservim
Гостивар / Gostivar

| Примено: Pranuar: | 19.08.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| 0304 | -89/2 | | |

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
_____20____год.
vit

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
## ИП 1 бр. 57 – 65
## Датум: 12.08.2024 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-Конзерваторски Центар, Гостивар | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Мајор Чеде Филиповски“ бб, Гостивар | |
| Адреса за е-пошта | centarzakultura_ohrid@yahoo.com | |
| Телефон | 042 211 130 | |
| Матичен број на субјектот | 6324991 | |
| Даночен број на субјектот | 4007008501555 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180106110760318 | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта konzeravtorski.gv@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | <u>2. ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 31.07.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 08.08.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа – Конзерваторски Центар, Гостивар | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра 91.03) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | ул. „Мајор Чеде Филиповски“ бб, Гостивар | | |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Наредба ИП 1 бр. 57 - 65 од 29.07.2024 г., за вршење вонреден инспекциски надзор, во НУ-Конзерваторски центар, Гостивар, издадена од министерот за култура и туризам.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

- Маја Митревска, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам на РСМ (во натамошниот текст: СУИН на МКТ).

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е примена на Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19 – **во натамошниот текст: ЗК**) во работењето на Националната установа – Конзеравторски Центар, Гостивар, како и наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за реализација на Годишната програма за работа на Конзерваторски центар за 2023 година, согласно со истиот закон.

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор не се употребени листи за проверка со оглед дека станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | konzeravtorski.gv@gmail.com |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | , благајник | |
| 2. | , советник за правни и административни работи | |
| 3. | , помлад соработник, технички секретар на КЦ | |
| 4. | , помлад соработник за меѓународна соработка | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 За периодот за којшто се врши инспекцискиот надзор (2023 г.), одговорно лице во установата е                                   којшто согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од ЗК, по пат на Јавен оглас е избран за директор на Конзерваторски центар, Гостивар со Решение на министерот за култура бр. 44-13109/2 од 26.12.2022 г., со мандат од 4 години.

-Во однос на обврската од членот 31-б став (1) од ЗК, согласно со којашто директорот на националната установа е должен на секои шест месци да доставува извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот е констатирано дека директорот на Конзерваторски центар не доставил полугодишни извештаи за 2023 година, а за што од страна на Министерството за култура со Допис бр. 32-5511/1 од 30.04.2024 година е известена установата со укажување за итно постапување, односно доставување на соодветни полугодишни извештаи.

При надзорот, презентиран е само Преглед на трошоци за електрична енергија и други комунални услуги на Конзерваторски центар за период од 01.01.2023-30.06.2023 година – Образец бр. 5, заведен во установата под бр. 0102-5612-8 од 06.07.2023 година.

-Додека, за 2024 година, директорот на Конзерваторски центар доставил „*Полугодишен извештај на реализација на проектите од програма за 2024 година*“ (обрасци за наративни и финансиски извештаи со пропратна документација во прилог ф-ри и изводи) заведен под број 0102-82/1 од 15.07.2023 (наместо 2024), а примен и заведен во писарницата на МК под бр. 32-7044/1 од 19.07.2024 година, но со истиот се опфатени проекти само на дејноста - заштита на културното наследство, а не и проекти од другите дејности согласно со склучените договори.

- Согласно обврската од член 70 став (1) од ЗК, Конзерваторски центар до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година, бр. 0102-104/17 од 28.06.2022 г., а заведена во МК под бр. УП1 бр. 32-193 од 01.07.2022 година и дополна УП1 бр. 32-193 од 16.12.2022 г. и УП1 бр. 32-193 од 25.01.2023 година.


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решението на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека не е постапено по оваа обврска, односно не е донесена годишна програма за работа од страна на директорот по донесување на решението за проектите од национален интерес во културата на Конзерваторски центар за 2023 г., бр. УП 1 32-193/2022 од 02.03.2023 г.
По оваа обврска не е постапено ниту во 2024 година, односно директорот нема донесено годишна програма за работа на Конзерваторски центар за 2024 година.
Поради горененеведеното, при надзорот од страна на инспекторот му беше укажано на директорот на доследно почитување на одредбите од член 70 став (7) од Законот за културата.

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од ЗК, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Конзерваторски центар до МК доставил Годишен извештај заведен под бр. 0102-41/1 од 15.03.2024 година и примен во писарницата на министерството под бр. 32-5165/1 од 11.04.2024 година, за финансиското работење на установата за 2023 година, согласно со склучените договори со МК.

## 10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, според годишните договори за 2023 г. финансирана е дејноста на Конзерваторски центар со средства во вкупен износ од **14.142.130** денари.

Средствата се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** — **11.780.703 денари**
- **програмски активности** — **1.471.427 денари**
- **материјални трошоци** — **480.000 денари**
- **електрична енергија** — **370.000 денари**
- **комунални трошоци** — **40.000 денари**

Според Банковиот извод бр. 38 од 26.12.2023 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Конзерваторски центар, изнесувало **2.709** денари (457 денари од проекти - програма 90-меѓународна дејност, **2.137** денари од проекти-


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

програма 80-музејска, 47 денари од проекти - програма 60-визуелни уметности, архитектура и дизајн, 66 денари од проекти и материјални трошоци-програма 50-заштита и 2 денари од ставката за плати и придонеси, коишто на 31.12.2022 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените програмски средства согласно со годишните договори, во износ од **2.361.427** денари, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р.бр | Програма | Одобрени | Преведени | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 50 – Заштита на недвижно културно наследство | 1.891.427 | 1.891.427 | - Од коишто 1.001.427 денари за проекти, 480.000 денари за материјални трошоци, 370.000 за електрична енергија и 40.000 за комунални услуги (вода и ѓубретарина) |
| 2. | 90 – Меѓународна дејност | 30.000 | 30.000 | |
| 4. | 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн | 40.000 | 40.000 | |
| 5. | 80 – Музејска дејност | 400.000 | 400.000 | |
| | **Вкупно:** | **2.361.427 денари** | **2.361.427 денари** | |

**<u>50 – Заштита на недвижно културно наследство</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишна програма за работа на Конзерваторски центар за 2023 г. од обласата на заштитата на недвижното културно наследство бр. 32-2064/1 од 03.03.2023 г., Анекс-договорите бр. 32-2064/20 од 12.09.2023 г. и бр. 32-2064/27 од 28.12.2023 г., преку МК на Конзерваторски центар му се одобрени и преведени средства во износ од **1.891.427** денари, од кои **1.001.427** денари за проекти и **890.000** денари за материјални трошоци, електрична енергија и комунални услуги.

Проектите од дејноста - заштита на културното наследство се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Евиденција на камена пластика во Гостивар во Сакралните и Профаните објекти II (Втор дел, реон 4, 5 и 6) | 50.000 | 50.550 | **Проектот е реализиран** -Трошоци по ф-ра од МАА за исплата на авторски хонорар за учество во стручен тим, по ф-ра за печатење на евиденцијата во три примероци со |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | тврд повез и патни дневни трошоци<br>-Изводи24, 28 и 36 од 2023 година<br>**-550 денари се потрошени од средствата за преведени за материјални трошоци** |
| 2. | Проект за изведување на конзерваторско реставраторски работи на живописот на црквата Св. Димитрија-Гостивар | 200.000 | 199.934 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по повеќе ф-ри од МАА за исплата за авторски хонорари за стручен надзор, раководител на проект, член на стрчен тим, по две ф-ри за набавка на материјал за работа и за по дел од ф-ра за материјал за работа, по ф-ра за канцелариски материјал и по ф-ра за угостителски услуги (2.500 денари коишто не се предвидени во оперативниот и финасиски план)<br>-Изводи: 22, 34, 36 и 37 од 2023 година |
| 3.* | Реализација на третата фаза на Основен проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Стара Џамија во село Равен, Општина Гостивар | 751.427 | 751.427 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по две ф-ри за објава на отворен повик во Службен весник на РСМ, по две ф-ри за објава на оглас за јавна набавка во БЈН, трошоци по ф-ра од МАА за исплата на обврска од 2022 г., за авторски хонорар за (објава, поништување и повторна објава на оглас и тендерска постапка за Стара Џамија, Равен, Гостивар), трошоци по дел од ф-ра од МАА за 2023 г., за авторски хонорар за (објава, поништување и повторна објава на оглас и тендерска постапка за Стара Џамија, Равен, Гостивар), исплата на I-ва времена ситуација за изведување на конзеравција, реставрација и конзервација на стара Џамија во с. Равен, Гостивар, трошоци по дел ф-ра за набавка на канцелариски материјал и патни трошоци<br>-Платено по повеќе банкови изводи од 2023 г., |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Вкупно: | 1.001.427 денари | 1.001.911 денари | -66 денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 година |

***Со дел од преведените средства наменети за реализација на проектот - Реализација на третата фаза на Основен проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Стара Џамија во село Равен, Општина Гостивар, Конзерваторски центар во 2023 година исплатил обврска од 2022 година во износ 21.053 денари (според Банков извод 6 од 2023 г.), за лицето со којашто преку МАА склучил Договор бр. 15023/22 за објава, поништување и повторна објава на оглас и тендерска постапка за Стара Џамија, Равен, Гостивар.**
**Исто така, од преведените средства наменети за овој проект во 2023 година, исплатен е дел од ф-ра од МАА во износ од 2.716 (според Банков извод 37 од 2023 г.) по Договор бр. 19755/23 склучен со лицето за истата услуга за 2023 година, додека преостанатиот износ од фактурата во износ од 20.675 не е исплатен, односно како обврска е пренесен во 2024 година.**

**<u>- Материјални трошоци, електрична енергија и комунални услуги</u>**

Реализацијата на средствата според намени е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр. | Намена | Одобрени преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1.* | Материјални трошоци за реализација на Програмата, | 480.000 | 479.386 | - Средствата се реализирани за трошоци за ПТТ услуги, фиксен телефон и интернет, сметководствени услуги, средства за чистење и одржување, канцелариски материјал, набавка на пумпа за парно, угостителски услуги, за објавување на огласи за вработување, за исплата на стручен надзор преку МАА по склучен договор, за исплата на еден надворешен соработник за вршење на архивски-технички работи за 11 месеци Платено по повеќе банковни изводи во 2023 година |
| 2. | Електрична енергија | 370.000 | 370.000 | -131.363 денари се платени по 9 фактури од ЕВН Хоме ДОО за 2023 година, а 238.637 денари се уплатени авансно на ЕВН (според изјавата на благајникот во Конзерваторски центар за да не им бидат повлечени средствата во Буџетот на крајот на годината, извршена е |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | авансна исплата кон ЕВН за екелтрична енергија)<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 3. | Комунални услуги Вода и ѓубретарина | 40.000 | 40.000 | - 18.876 денари се платени по четири за 2023 година, а 21.124 денари се уплатени авансно на јавното претпријатие (според изјавата на благајникот во Конзерваторски центар за да не им бидат повлечени средствата во Буџетот на крајот на годината, извршена е авансна исплата за вода и ѓубретарина кон јавното претпријатие)<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| | Вкупно: | **890.000 денари** | **889.386 денари** | **-64 денари вратени во Буџет на РСМ на 31.12.2022 г.**<br>**-550 денари се потрошени за проект од заштита** |

***Според презентираната сметководствена документација и евиденција, Конзерваторски центар има неисплатена обврска во износ од 36.840 денари кон претседателот и членовите на Управниот одбор за пет одржани седници во 2023 година и заклучно со денот на надзорот, за две одржани седници во 2024 година.**

**<u>80–Музејска дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишна програма за работа на Конзерваторски центар за 2023 година бр. 31-2042/1 од 02.03.2023 г., од областа на музејската дејност, од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Конзерваторски центар му се одобрени и преведени средства во износ од 400.000 денари.

Проектите од музејска дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сондажни археолошки истражувања на археолошки локалитет – Калаја „4-807-066/202“ село Равен, општина | 200.000 | 197.863 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по повеќе ф-ри од МАА за исплата на авторски хонорари за раководител и членови во стручен тим, како и по дел од ф-ра за набавка на материјал, ф-ра за набавка на маици, исплата на по ф-ри од МАА за склучени |



Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Гостивар | | | договори за ангажирање на двајца теренски работници<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 2. | Сондажни археолошки истражувања на археолошки локалитет – Ѓоновичко кале „4-807-022/07“ село Горна Ѓоновица, општина Гостивар | 200.000 | 200.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по повеќе ф-ри од МАА за исплата на авторски хонорари за раководител и членови на стручен тим и по ф-ри од МАА за ангажирање на двајца теренски работници, како и по ф-ра за набавка на материјал,<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| **Вкупно:** | | **400.000 денари** | **397.863 денари** | -2.137 денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 година |

**<u>60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишна програма за работа на Конзерваторски центар за 2023 г. од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн, бр. 23-3231/1 од 13.03.2023 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Конзерваторски центар му се одобрени и преведени средства во износ од **40.000 денари.**

Трошоците за проектот од областа на визуелните уметности, архитектура и дизајн се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Работилница за реализација на макети на недвижно културно наследство во Гостивар | 40.000 | 39.953 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци за материјали за макети платени во готово со фискална с-ка, по повеке ф-ри за набавка на др. материјал за реализација на изложбата, ф-ра за графички услуги<br>-Банковен извод бр. 22, 34 и 37 од 2023 |
| **Вкупно:** | | **40.000 денари** | **39.953 денари** | - 47 денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г. |

**90 – Меѓународна дејност**

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишна програма за работа на Конзерваторски центар за 2023 г. од областа на меѓународната дејност, бр. 33-2587/1 од 08.03.2023 г., на установата од Буџетот на РСМ преку МК и се одобрени и преведени средства во износ од 30.000 денари.

Трошоците за проектот од областа на меѓународната дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Размена на искуства од областа на заштита на културното наследство во Приштина, Косово и во Гостивар | 30.000 | 29.543 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ра за угостителски услуги, по ф-ра за печатење на пропаганден материјал, по с-ко потврда со фискална сметка за печатарски услуги и патни и дневни трошоци од благајна<br>-Банковен извод бр. 13, 14 и 37 од 2023 година |
| Вкупно: | | 30.000 денари | 29.543 денари | -457 денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г., |

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатираат следните неправилности:**

**1. Според презентираната документација и евиденција што се води во установата, како и разговорите водени со присутните лица при инспекцискиот назор, Конзерваторски центар, Гостивар, ја реализирал годишната програма за работа на установата за 2023 година, а преведените средства за реализација на проектите се потрошени наменски. Но, заклучно со денот на надзорот утврдено е дека Конзерваторски центар има ненамирена обврска во износ од 57.515 денари од кои 36.840 денари се обврска кон претседателот и членовите на Управен одбор за учество во одржани пет седници во 2023 година и за две одржани седници во 2024 година, а 20.675 денари се обврска по дел од ф-ра од 2023 година од МАА за склучен договор со лицето за вршење услуга - објава, поништување и повторна објава на оглас и тендерска постапка за Стара Џамија, Равен, Гостивар.**

2. Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, при надзорот е констатирано дека не е постапено по оваа обврска и покрај донесувањето на Решение за проектите од национален интерес во културата на Конзерваторски центар за 2023 од страна на министерот за култура. По оваа обврска не е постапено ниту во 2024 година, што е спротивно на член 70 став (7) од Законот за културата, а е казниво по член 91-а став 1 алинеа 6 и став 2 од истиот Закон.

3. Директорот на Конзерваторски центар нема доставувано извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на националната установа, на секои шест месеци во 2023 година, што е спротивно на членот 31-б став (1) од ЗК, а е казниво по член 91-а став 1 алинеа 3 и став 2 од истиот Закон.

-Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, инспекторот ќе преземе мерка, односно ќе донесе решение со наредба со коешто ќе биде определен рок за отстранување на горенаведената неправилност од точката 2 и 3 односно директорот на Центарот за култура, да донесе Годишна програма за работа на установата за 2024 година согласно со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, и да изготви и достави соодветен извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварувањето на годишната програма за работа на националната установа за 2024 година, согласно со член 31-б од Законот за културата.

- За сторен прекршок по член 70 став 7 од Законот за културата, а што е казнив по член 91-а став (1) алинеа 6 и став (2) од истиот Закон, односно за не-донесување на Годишна програма за работа на установата за 2023 година, во согласност со член 91-в ставови (1), (2) и (3) од Законот за културата, а во врска со Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ" бр. 96/19), ќе биде изречен прекршочен платен налог на сторителот–одговорно лице

во правното лице НУ-Конзерваторски центар, Гостивар, за плаќање на глоба за сторен прекршок, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка.

Прекршочниот платен налог е составен дел од овој Записник


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МКТ во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: , директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | ___.08.2024 г. | Датум: | 12.08.2024 г. |



Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk